9972

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје
18. VI. 1969

Изложбата на Никола Мартиновски

# ЕКСПРЕСИОНИСТИЧКО ИНТЕРМЕЦО



**Никола Мартиновски: Другарки, масло на платно**

ДЕНОВИВЕ ВО Салонот на музејот на современата уметност беше отворена изложба на слики и цртежи на академскиот сликар Никола Мартиноски. Неговото име тесно е сврзано со вистинските почетоци на современото македонско сликарство кое почнува од 25-тите години на овој век кога во Македонија и'зртуваат млади уметнички таленти школувани во Белград и во културните метрополи на повеќе европски земји. нЗачи тој е иден од оние што ги внесоа тековините на модерното ликовно творештво во една неприемчива, социјално-национално и културно подјармена средина како што беше предвоена Македонија. Како ученик на Париската школа, односно на Лот, Брак, Пикасо и Модилјани односно на експерсионизмот што ги обработува човечките интими со доминација на фантазијата, Мартиноски по враќањето во Македонија упорно настојува, наспроти повремените отстапување од внатрешна и уметничка природа да ја следи таа особена естетско-стилска линија на експесионизмот. Но забележливо е дека таа линија некако природно се аклиматизира на националното поднебје, така да неговата ликовна физиономија постепено доживува специфична балканско-македонскоа разработка. Со неа Мартиноски станува поблизок до теренот што ја инспирира неговата контемплација, станува по агресивен, поживопитен и пополнокрвен.

Формирајќи во себе желба за приврзаност кон националната сфера уметникот во Македонија бараше најсоодветен еквивалент за мотивите што ја иницираа неговата љубопитност меѓу еден обичен свет на обични луѓе од улицата, од трошните цигански маали на Скопје и тн.

Без оглед на тоа колку неговите творби имаа некоја определена идеолошкоа и политичка платформа Мартиноски предвоената критика го прифати како социјално ориентиран уметник.

Подоцна тој го смирува својот експресионизам и во неговите творби се чувствува една лирска, питорескна и меланхолично-сентиментална линија.

Во својот творечки растеж, со неговото мајсторство и ликовната надареност Никола Мартиноски и по војната се посигурно го потврдува својот квалитет и си завзема значајно и многу јасно одредено место во ликовната фактура на Македонија. За чудо и полсе толку години сопствено ликовно пормирање не го напушта заинтересираноста за луѓето наши македонски, градските и селските средине и нашите национални ентериери. Но овој пат забележуваме една здржана деформација на инаку по пластичната, реалистичка форма. Во сликите од првата половина на шеесеттите години Никола Мартиноски својот акцент го става врз формите и звучноста на бојата што доведува до некаков колористички, експерионистички крешчендо.

Во последните години од неговото творештво многу видно се провлекува желбата и натсојувањето да изгради сликарство создадено од една пообјективстичка и порепрезнтативна ликовна постапка, но никако сосема да одстапи од некои суштински белези на својата уметност. Во етапа интезивно го негува и цртежот кој често делува фасцинантно и вертуозно. Тој умее да го одбере и да го претставу карактеристично во мотивот и да го смести во таков простор што редовно му обезбедува некаква монументалност.

На последнава изложба сретнуваме дела настанати во текот на последните месеци од 1968 година и првите месеци од 1969. година. Тоа се дела во кои Мартиноски повторно ги обработува своите портрети, младичи, девојчиња, фигури на жени, автопортрет и мртва природа. Но овој пат тие се предадени во форма на еден реал експресионизам, со извесна согледувања на неговиот сопствен растеж. Неговите лирична смиреност што е условена од искуствените фигури овој пат тежат кон една ликовна логика на пиктуралната форма која многу мајсторски ја филува со одделни колористички експлозии, распределени низ алтернација на петна и парцели од обоени пигменти, по некогаш со неколку надредени слоеви.

Особен впечаток на иуложбата остава експресивно остварениот »Автопортрет« ко е предаден во една необична психологија со метод кој во исто време и експресионистички и импресионистички и фовистички. Боите на сликата се движат во две крајности, одчстудени до топли, нервозни и дефузно поставени.

Кон своите мајки и деца Мартиновски овој пат е особено нежен и милозлив. Па така и ги дава, во благи бои и сокро кокетни колористички ефекти.

Во мртвите природи манирот на уметникот се движи од скоро фактографска постапка до интимна тенденција за анализа на објектот.

На крајот можеме да констатираме дека Мартиноски е солиден сликар, чии сликарски трудови се вонредно доживеани и психолошко продлабочени и најпосле тука е фактот дека располага со извонредно сликарска техника, па како поинта на сето речено ќе додадеме река неговите дела можат да го импресионираат духот што е склон да подлегнува на убавина.

Драгица СТОИЛКОВСКА